Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 20**

**28.12.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Ја објавувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година донесена на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1178/2** **Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**415.** Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011 ), и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Демир Хисар ("Службен гласник на Општината Демир Хисар" број 3/2002), Советот на Општина Демир Хисар на четириесет и втората седница одржана на ден 28.12.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година**

Член 1

Буџетот на Општината Демир Хисар за 2016 година, (во понатамошниот текст-Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен Буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Извршувањето на Буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходи и други приливи во согласност со Закон и Планот на приходите, како и извршување на плаќања во согласност со одобрени средства.

Член 4

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично како и ефективно и ефикасно да ги исполнат целите на Буџетската Програма преку транспарентни процедури.

Член 5

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи од сразмерен износ.

Член 6

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на Општината. Доколку во текот на извршувањето на буџетот Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и други приливи значително отстапуваат од планот предлага на Советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Член 7

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетските корисници, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет не може да бидат намалени повеќе од 20% , а одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставки во рамките на буџет не можат со прераспределба да се зголемат повеќе од 10%.

Член 8

Буџетските корисници во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над

планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

Член 9

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетските корисници го извршуваат врз основа на Финансиски план по месеци.

Член 10

Градоначалникот доставува до Советот на Општината писмени квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот во рок од 1 (еден) месец по завршување на кварталот.

Член 11

Месечниот надомест за присуство на седница на советниците се утврдува на 40% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на Совет на општината за раководење и организирање на работата на Советот му следува зголемен месечен надомест од 30% на утврдениот износ.

Член 12

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат:

- височината на потребните средства за исплата на плата на Градоначалникот на општината се утврдува според законски утврден коефициент кој изнесува 2,7 помножен со основицата за пресметување на плата утврдена со Закон која се менува согласно законските измени.

За вработените во општинската администрација:

- За државните службеници вредноста на бодот ќе биде утврдена со посебна одлука.

- Кај останатите вработени во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници , вредноста на бодот изнесува 20,50 денари .

Член 13

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии .Општината е должна два дена пред исплатата на плати, до надлежното министерство и министерството за финансии да достави барање за одобрување на средства за плати, кон кои ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП- 1 , копија од рекапитулацијата за пресметани плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува платата и образец 6.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди и други случаи, на вработениот во Општината му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Член 15

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот но не повеќе од 30.000,00 денари по семејство.

На вработениот во општината и локалните јавни установи , во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак , посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живеел во заедница , му припаѓа парична помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот во општината и локалните јавни установи и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација.Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходна оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Член 16

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од програма Градоначалник –Д0 расходно конто 464940 – Трансфери при пензионирање во висина на двократен износ од просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 17

Користењето на средствата од Буџетот на Општината за вршење на функциите на општината се врши со фактури во кои посебно се искажани расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи од 6000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

Буџетот на Општината може да планира Буџетска резерва за финансирање на непланирани расходи, но не поголем износ од 3% од Буџетот.

За средствата утврдени во Буџетот на Општината како буџетска резерва, одлучува Советот на Општината, а ги извршува Градоначалникот.

Член 19

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината.

Член 20

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од обласа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Член 21

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 22

Буџетот на Општина Демир Хисар се извршува од 01.01.2016 до 31.12.2016 година.

Член 23

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар", а ќе се применува од 01.01.2016 година.

| | |
|---|---|
| **Бр. 17-1162/3** | **Совет на општина Демир Хисар** |
| **28.12. 2015 год.** | **Претседател** |
| **Демир Хисар** | **Јосиф Ристевски с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Ја објавувам Одлуката за благајнички максимум на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година донесен на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08- 1178/3** | **Општина Демир Хисар** |
| **28.12.2015 година** | **Градоначалник** |
| **Демир Хисар** | ***Љупчо Блажевски с.р.*** |

**416.** Согласно одредбите на член 20 став 2 од Законот за дополнување на Законот за платниот промет ( ,,Службен весник на РМ ,, бр.50/01 до 103/01) , како и член 43 став 1 точка 11 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02 ) Советот на општината Демир Хисар на 42 седница одржана на ден 28.12. 2015 г. ја донесе следната

***О Д Л У К А***
**За висината на благајничкиот максимум за 2016 година**

Член 1

Благајничкиот максимум за 2016 година се утврдува на износ од **30.000,00 денари** , парични средства кои ќе може општината Демир Хисар како учесник во платниот промет да ги подига во готово од своите сметки и да ги држи во благајната.

Член 2

Доколку постои прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката на Општината Демир Хисар истиот ден или најкасно наредниот работен ден. .

Член 3

Поединечните т.е. индивидуалните исплати во готово кои ќе се вршат од благајната не може да бидат повисоки од **6000,00 денари**.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општината Демир Хисар„ .

**Бр.17-1162/4 Совет на општина Демир Хисар**
**28.12.2015 Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1. Ја објавувам Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2016 година донесена на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1178/4 Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**417**.Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02;4/05 и 7/09) и член 101 од Деловникот за работа на Советот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05,7/09 и 16/13), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.12.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2016**

**Вовед**

Заради остварување на законски утврдени надлежности на Советот на Општина Демир Хисар со оваа Програма се остварува начелото на програмирање на задачи и активности што се во надлежност на Советот на општината, а се утврдени со Законот за локална самоуправа и Статутот на Општина Демир Хисар и други законски и подзаконски акти. Во Програмата се утврдуват називите на активностите што ќе се реализираат во текот на 2016 година, носителите на изработка на метеријалите, предходно разгледување низ комисиска расправа и усвојување од страна на Советот. Во концепирањето на Програмата користени се во најголема мера предлози од Градоначалникот и општинската администрација, јавни претпријатија и установи, општински организации како и комисиски и други предлози. Со оглед да се работи за започнатиот процес децентрализација кој ќе тече подолг период секако дека ќе има потреба се до усвојувањето на Програмата, а и после нејзиното донесување да се јават потреби од разгледување на материјали пред Советот, а

кој не се влезени во Програмата што укажува на фактот дека таа е од отворен карактер и може да се дополнува.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

***ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ, МАРТ-I Тромесечие***

1.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 година за IV квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува***:* Советот на општината.

2.Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2015 г
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува***:* Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

3. Годишен Извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Советот на општината.

4. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

5. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спортот и младите за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

6. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија и фондации и НВО за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува**: Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

7.Извештај за реализација на Планот за развојни програми за 2015 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Советот на општината.

8.Извештај за работењето на ПС од општа надлежност Демир Хисар за 2015 г.
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

9.Информација за состојбата со наплата на комуналната такса за 2014 година.
**Изготвува:**Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

10.Информација за состојбата со наплата на данок на имот за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

11. Годишен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

12. Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2015.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

13.Извештај за реализација на Програмата за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2015
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

14. Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2015 година

**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

15.Извештај за реализирани активности на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар во 2015 година.
**Изготвува:**Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

16. Извештај за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

17. Извештај за реализација на Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на пополуација на животни скитници во Општина Демир хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

18. Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност на општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

19.Извештај за работата на ЈКП,,Комуналец,, Демир Хисар за 2016 година .
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува**: Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

20.Програма за работа на ЈКП"Комуналец" за 2017 година
**Изготвува:** ЈКП"Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Советот на општината.

21.Извештај за работа на Дом на култура "Илинден"Демир Хисар за 2016 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**: Совет на Општина Демир Хисар

22.План за работа на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** Дом на култура "Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општината

23.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

24.Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2015 год.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

25.Завршна сметка на Дом на култура"Илинден" Демир Хисар за 2015 г.
**Изготвува:**Дом на култура"Илинден" Демир Хисар
**Разгледува:**Надзорен одбор за матер. финан работење.
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

26.Завршна сметка од ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** ОУ "Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

27.Завршна сметка од ОУ "Браќа Миладиновци"с.Жван за 2015 година.
**Изготвува:** ОУ "Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

28.Завршна сметка на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2015 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Училишен одбор
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

29.Завршна сметка на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2015 г.
**Изготвува:**ДСУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:** Училишен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

30.Завршна сметка на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2015г.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември " Демир Хисар
**Разгледува:** Управен одбор
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

31.Завршна сметка на ЈКП"Комуналец" Демир Хисар за 2015 година.
**Изготвува:** ЈКП "Комуналец" Демир Хисар
**Разгледува:**Ком.за финан. и буџет/Надзорен одбор на Комуналец
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

***АПРИЛ, МАЈ, ЈУНИ-II Тромесечие***

32.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година за I квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

33. Одлука за уредување на јама за закоп на угинати животни.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:**Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

34.Извештај за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за сезона 2015/2016 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

35.План за јавност во работата на општина Демир Хисар за 2016 година
**Изготвува:** општинска администрација ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

***ЈУЛИ, АВГУСТ, СЕПТЕМВРИ-III Тромесечие***

36.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година за II квартал
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

37.Извештај за шестемесечно работење на ПС од општа надлежност Демир Хисар .
**Изготвува:** ПС од општа надлежност Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

38.Извештај за работа на ОУ"Гоце Делчев" за 2015/2016 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

39.Извештај за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2015/2016 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

40.Извештај за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2015/2016 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

41.Извештај за работа на ДСУ "Крсте П.Мисирков" Демир Хисар за 2015/2016 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

42.Извештај за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2015/2016 година.
**Изготвува:** ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

43.Програма за работа на ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар за 2016/2017 година.
**Изготвува:** ОУ"Гоце Делчев" Демир Хисар
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на општина Демир Хисар

44.Програма за работа на ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван за 2016/2017 година.
**Изготвува:** ОУ"Браќа Миладиновци" с.Жван
**Разгледува:**Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар
45.Програма за работа на ОУ"Даме Груев" с.Смилево за 2016/2017 година.
**Изготвува:** ОУ "Даме Груев" с.Смилево
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

46.Програма за работа на ДСУ"Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2016/2017 година.
**Изготвува:** ДСУ"Крсте П.Мисирков" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

47.Програма за работа на ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар за 2016/2017 година.
**Изготвува**:ЈОУД детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар
**Разгледува**:Комисија за опшествени дејности
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

48. Програма за зимско одржување на патиштата и улиците за 2016/2017 година.
**Изготвува**:Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува**:Комисија за јавни комунални дејности
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

***ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, ДЕКЕМВРИ-IV Тромесечие***

49.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2017 година
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

50. Шестмесечен Извештај за состојбата со деловниот и стамбениот простор со кој стопанисува општина Демир Хисар даден под закуп за 2016 година.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални работи и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

51.Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година за III квартал
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:** Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:** Советот на општината.

52. Ребаланс на буџетот за 2016 година.
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува**:Совет на Општина Демир Хисар

53. Програма за изработка на УП на Општина Демир Хисар за 2017
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

54.Програма за уредување на градежно земјиште во Демир Хисар за 2017 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

55.Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

56. Програмата за јавна чистота на општина Демир Хисар за 2017.
**Изготвува:** Оддление за инспекциски надзор-инспекторат
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува**: Совет на општина Демир Хисар

57.Програма за активностите на Општина Демир Хисар во обласата на социјалната заштита за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

58. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во обласата на спортот и младите за 2017 година.
**Изготвува**: Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

59. Програма за активностите на Општина Демир Хисар за подршка на Здруженија на граѓани и невладини организации за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

60. Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравството за 2017 г.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.

61. Програма за јавните потреби на Општина Демир Хисар во културата 2017 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејнсоти
**Усвојува:** Советот на општината.
62. Програма за обележување на значајни годишнини од настани и личности на Општина Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** општинска администрација
**Разгледува:** Комисија за обележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија
**Усвојува:** Советот на општината.
63. Програма за јавно осветлување во Општина Демир Хисар за 2017 година
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за јавни и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

64. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Демир Хисар за 2017 г.
**Изготвува:** Одделение за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС
**Разгледува:** Комисија за за урбанизам комунални дејности и ЗЖС
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

65. Програмата за дезинсекција, дератизација и контрола на популација на животни скитници во Општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за опшествени дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

66. Акционен годишен План за активностите на општина Демир Хисар во областа на енергетската ефикасност во 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за ЛЕР
**Разгледува:** Комисија за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности
**Усвојува:** Совет на општина Демир Хисар

67.Информација за жетвените активности, количина на произведен и откупен тутун во Демир Хисар за 2016 година.
**Изготвува:** ПЕ за земјоделие Демир Хисар
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

68. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за правни и општи работи
**Разгледува:**Комисија за изготвување на Програмата за работа на Советот
**Усвојува:** Совет на Општина Демир Хисар

68.Буџет на Општина Демир Хисар за 2017 г
**Изготвува:** Одделение за финански прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

69.Одлука за извршување на буџетот на Општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

70.Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2017 година.
**Изготвува:** Одделение за финансиски прашања
**Разгледува:**Комисија за финансии и буџет
**Усвојува:**Совет на Општина Демир Хисар

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**
За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите и предлагачите на материјалите кој се должни да го почитуваат утврдените рокови.
Во текот на 2016 година Советот на Општина Демир Хисар ќе разгледува и усвојува и други дополнителни прашања кој ќе произлезат од непосредното работење. Програмата да се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.17- 1162/5 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2016 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2016 година донесена на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1178/5** **Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**418**.Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 43став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 28.12.2015 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програмата за работа за 2016 година на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа за 2016 година на ЈКП „Комуналец „ Демир Хисар.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 17-1162/6** **Совет на Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за давање Согласност за Статутот на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2016 година**

1. Го објавувам Решението за давање Согласност за Статутот на Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2016 година донесено на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1178/6** **Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**419.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во согласност со член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на седница одржана на 28.12.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање Согласност на Статутот на ОУ Дом на културата„ Илинден" Демир Хисар**

1. Се дава Согласност на Статутот на ЈО Дом на културата „Илинден" Демир Хисар.

2. Решението за согласност е составен дел на Статутот на ЈО Дом на културата „Илинден" Демир Хисар.

3. Решението за давање на Согласност на Статутот на ЈО Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-1162/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година**

1.Го објавувам Буџетот на Општина Демир Хисар за 2016 година донесен на 42-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 28.12.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 1178/1 Општина Демир Хисар**
**28.12.2015 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**420.**Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Демир Хисар на 42 мата седница одржана на 28.12.2015 година, донесе

**Б У Џ Е Т**

**На Општина ДЕМИР ХИСАР за 2016 година**

1.Општ дел

Член 1

Буџет на Општина Демир Хисар за 2016 година

| | |
|---|---|
| I. ВКУПНИ ПРИХОДИ | 166.393.000 |
| Даночни приходи | 15.680.000 |
| Неданочни приходи | 5.632.000 |
| Капитални приходи | 4.845.000 |
| Приходи од дотации | 70.247.000 |
| Приходи одТрансфери | 53.475.000 |
| Приходи од донации | 16.514.000 |
| II. ВКУПНИ РАСХОДИ | 166.393.000 |
| Од утврдени намени | 166.263.000 |
| Резерви | 130.000 |
| III. ДЕФИЦИТ | 0 |
| IV. ФИНАНСИРАЊЕ | 0 |
| Прилив | 0 |
| Домашни приливи | 0 |
| Приливи од странски | 0 |
| Одлив | 0 |
| Отплата на главница | 0 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за извршување на Буџетот на Општина демир Хисар за 2016 година-----------------------------------------------1-3
2. Одлука за благајнички максисмум--3-4
3. Програма за работа на Советот на Општина Демир Хисар за 2016 ------4-9
4. Заклучок за усвојување на Програма за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-------------------------------------10
5. Решение за давање Согласност на Статутот на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар----------10-11
6. Буџет на Општина демир Хисар за 2016 година-----------------------12--

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**